Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2146/1 од 08.08.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, за предметниот случај.

Предметот со број 12-2146/1 од 08.08.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2146/1 од 08.07.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат, која првично била доставена до Министерство за внатрешни работи на РСМ и потоа проследена на надлежно постапување од овој орган до ДКСК. Пријавата не содржи јасни наводи за незаконски и/или недозволиво постапување на службени лице. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Кон пријавата доставени се прилози – електронска комуникација со подносителот и Министерство за внатрешни работи на РСМ, каде се содржани нејасни наводи за исплата на штети по основ на правосилни судски пресуди од страна на ///.

По увидот во содржината на пријавата и доставените прилози, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Имено, пријавата не содржи јасни наводи за незаконско и/или недозволиво постапување од страна

на службени лице, не се наведени имиња и функции на конкретни службени лица, а по однос на наводите за исплата на штети по правосилните судски пресуди, ДКСК нема законска надлежност да постапува. Следствено, ДКСК пријавата ја отфрли и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Б. Ц., член

Доставено до:
- Подносителот